20190100136

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

☐

☐Врз основа на член член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ“ бр. број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 17 декември 2018 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала (Сл весник на РМ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018 и 228/2018), членот 18 се менува и гласи:

„Осигуреното лице кое има билатерална надлакатна ампутација повеќе од две третини и кое според индикациите неможе да користи протези од член 16 на овој Правилник може да оствари право на ортопедско помагало надлакатна мултифункционална протеза со миоелектронска шака и миоелектронски лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок.

По исклучок од став 1 на овој член, осигуреното лице на кое му недостасува една рака, а другата е потполно одземена или деформирана и заради тоа не е во функција, може да оствари право на механоелектрична надлактна протеза (хибридна) или подлакотна миоелектрична функционална протеза.

Протезите од став 1 и 2 на овој член може да се одобрат на осигуреното лице по навршени шест години возраст.

Правото на протезите од став 1 и 2 на овој член се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавено конзилијарно мислење за можност на нејзина примена и функција.“

Член 2

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ вид 1, помагалото со шифра 1607 „подлакотна миоелектрична протеза“ и помагалото со шифра 1608 “ Надлакатна миоелектрична протеза“ се бришат.

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ вид 1, по шифрата 1605 “подлакатна кожна протеза“ се додава шифрата 1609 „механоелектрична надлактна протеза (хибридна)“, шифрата 1610 „подлакотна миоелектрична функционална протеза“ и шифрата 1611 „надлакатна

мултифункционална протеза со миоелектронска шака и миоелектронски лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок“ со следната табела:

вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови,	Индикации	Помагалото	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Забелешка	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки	Начин на производство	Медицински индикации
		потрошен материјал	по правилник	го препишува	до 7 год	над 7 години	над 18 до 65 год	над 65 год						
1	1609	механоелектрична надлактна протеза (хибридна)	Член 18	Ортопед физијатр		24	24	60	не	Лекарска комисија на фондот		325.252,00	индивидуално	Z89.2 стекнат недостиг на екстремитет над рачниот зглоб, Q71.0 Конгенитапно комплетно отсуство на горен екстремитет
1	1610	подлакотна миоелектрична функционална протеза	Член 18	Ортопед физијатр		24	24	60	не	Лекарска комисија на фондот		294.859,00	индивидуално	Z89.1 стекнат недостиг на шепа и рачен зглоб; Z89.2 стекнат недостиг на екстремитет над рачниот зглоб, Q71.2 конгенитапно отсуство и на подлактица и на шепа, Q71.3 Конгенитапо отсуство на шепа и прст/прсти
1	1611	надлакатна муптифункционална протеза со миоелектронска шака и миоелектронски лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок	Член 18	Ортопед физијатр		24	24	60	не	Лекарска комисија на фондот			индивидуално	Z89.3 стекнат недостиг на двата горни екстремитет и над рачниот зглоб Q71.0 Конгенитапно комплетно отсуство на горен екстремитет(и)

Член 3

Во шифрарникот на ортопедски помагала во вид 1 се укинуваат шифрите 1607 и 1608.

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ по помагалото од вид 1, шифра 1605 “подлакатна кожна протеза“, се додава следната табела:

Вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал
1	1609	механоелектрична надлактна протеза (хибридна)
1	1610	подлакотна миоелектрична функционална протеза
1	1611	надлакатна мултифункционална протеза со миоелектронска шака и миоелектронски лакотен зглоб со прекинувач командувана со притисок

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-21252/1

17 декември 2018 година

Скопје

Управен одбор

Претседател,

Верица Проковиќ, с.р.